## Дневни билтени



## Извадок на дел од дневни настани 22.07.2019

Полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Битола за време на викендот извршиле контрола за брзина, управување без возачка дозвола, нерегистрирани возила, непочитување првенство. Притоа, било констатирано дека осум возачи управувале возило без возачка дозвола, осум возила биле нерегистрирани, брзината ја надминале 58 возачи, тројца зборувале на мобилен телефон, а пет не користеле сигурносен појас.

На 21.07.2019 во 17.00 часот на граничен премин „Меѓународен Аеродром - Скопје", полициски службеници го привеле К.Б.(39) од Косово, поради сомнение за поседување фалсификувани документи. Во 19.00 часот К.Б. бил предаден на инспектори од Регионалниот центар за гранични работи Север за понатамошна постапка.

Во текот на изминатите денови (19, 20 и 21.07.2019) на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје превземени се мерки и активности и констатирано е дека 232 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени 106 возачи од кои: 39 возачи затоа што управувале возило под дејство на алкохол, 62 возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право за управување на моторно возило и пет возачи почетници кои не ги почитувале законските ограничувања. Исто така, исклучени од сообраќај се и 54 возила од кои 53 бидејќи не биле регистрирани и едно поради претовар. Санкционирани се 12 возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, три возачи поради недавање првенство на минување на пешаци, четири возачи поради неправилно престројување, седум возачи поради неправилно престигнување, 44 возачи на мотоцикли, 13 возачи поради неносење сигурносен појас за време на управување на моторно возило и 22 возачи поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во однос на пешаците санкционирани се двајца пешаци поради поминување коловоз вон пешачки премин. Во текот на изминатите денови издадени се 144 мандатни платни налози и 103 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 21.07.2019 околу 22.00 часот на регионалниот пат Кавадарци-мотел Дреново, кај градските гробишта, К.Г.(55) од Кавадарци, управувајќи патничко возило „Ровер" со кавадаречки регистарски ознаки, излетал од патот и удрил во дрво. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил К.Г. и бил пренесен во болницата во Кавадарци. Увид на местото извршила екипа од Полициската станица Кавадарци.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Г.В.(35) од селото Лешани, општина Дебарца, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи" и „фалсификување на огнено оружје". При претрес во неговиот дом на 06.03.2019 биле пронајдени и одземени ловна пушка ,,Mossberg" и седум куршуми за ловна пушка, кои ги поседувал нелегално.

На21.07.2019околу21.00часот на земјен пат во месноста „Муратски дол" над тетовското село Челопек, полициски службеници на Секторот за внатрешни работи Тетово запреле џип„УАЗ" без регистарски ознаки, што го управувал 29-годишниот Б.Р. од Челопек.Во возилото биле превезувани огревни дрва без потребните документи и поради тоа со потврда е одземено, како и моторна пила и дигалка, а нешто подоцна предадени и се на Шумска полициија за натамошна постапка.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Прилеп поднесе кривична пријава против П.Т.(25) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка кражба". Во периодот од 09.00 часот на 24.05.2019 до 20.50 часот на 26.05.2019, пријавениот со употреба на сила и подесен алат влегол во станот на Р.З.од Прилеп на ул.„11 - ти Октомври" и одзел рачна торба во која имало пари и златен накит.

На 21.07.2019 година околу 20.20 часот во Полициската станица Центар бил приведен С.А.Ј.(25) од Шведска поради тоа што под дејство на алкохол кршел инвентар и ги вознемирувал гостите во угостителски објект, а физички го нападнал и рецепционерот Б.Ѓ. во хотелот во кој бил гостин. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 21.07.2019 полициски службеници го привеле О.А. (29) од Скопјепоради извршена кражба на возило. Веднаш по добиена пријава од Е.К. Г. (33)дека во близина на трговски центар во Скопје му е одземено возило „БМВ Х5", преземени се соодветни мерки и возилото е сопрено на крстосница од ул.„Жан Жорес" со ул.
„Благоја Стефковски", а О.А. е приведен. При приведувањето О.А: физички нападнал полициски службеници, но бил приведенво ПС Гази Бабаи против него ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 21.07.2019 во 11.40 часот во Полициска канцеларија Богданци, Н.Р.М (41) - адвокат од Здружение за заштита на животни „Анима мунди", пријавила дека на излез од село Стојаково, општина Богданци било пронајдено починато куче кое имало видливи траги на мачење по телото. За настанот е известен Јавен обвинител од Основно јавно обвинителство Гевгелија, а увид на местото извршила екипа на Полициска станица Гевгелија. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.07.2019 година околу 12.45 часот на ул.„Радован Ковачевиќ"во Скопје, полициски службеници го лишиле од слобода Ќ.Х.(46) од Скопје поради тоа што упатувал закани кон вработени и сопственик на маркет на наведената улица. Ќ.Х. бил приведен во Полициската станица Гази Баба и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 21.07.2019 околу 20.15 часот А.Ф.М. пријавил декаво објект на ул.„Црногорска"во Скопје бил физички нападнат од три лица поради недоразбирања околу паричен долг. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Дебар поднесе кривична пријава против Н.И.(35) од Дебар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста". На 08.07.2019 во Дебар, на улица ,,8-ми Септември",пријавениот физички нападнал полицискиот службеник кој вршел службени дејствија.

На 21.07.2019 околу 18.30 часот на ул.„Маршал Тито" во с.Мојанци, кочанско, Д.А.(34) од с.Мојанци, управувајќи патничко возило „Мерцедес" со кочански регистарски ознаки, удрил во малолетник, кој се здобил со тешки телесни повреди и бил пренесен во болницата во Кочани. Увид на местото извршила екипа од Полициската станица Кочани.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)